Врз основа на член 21 став (3) од Законот за финансиските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.158/10, 53/11, 112/14, 153/15 и 23/16), министерот за финансии донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ИЗВЕШТАИТЕ ЗА ФИНАНСИСКИТЕ АКТИВНОСТИ И ЗА СОСТОЈБАТА И ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВАТА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на извештаите за финансиските активности и за состојбата и изворите на средствата.

## Член 2

(1) Образецот на извештаите за финансиските активности и за состојбата и изворите на средствата се доставува во печатена форма на хартија во бела боја на А4 формат или електронска форма и се состои од следните делови:

- Дел 1 - Општи податоци
- Дел 2 - Извештај за финансиски активности и
- Дел 3 - Извештај за состојба и извори на средства.

(2) Формата и содржината на Образецот од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на образецот на извештаите за финансиските активности и за состојбата и изворите на средствата („Службен весник на Република Македонија" бр.23/11 и 54/14).

## Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Министер за финансии
Dr. Fatmir Besimi, с.р.

Број 13- 3145/1
31.03.2021 година
Скопје